# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.61 од 17.04.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14 и 51/15), во членот 4 став (1) зборовите:
„шест месеци" се заменуваат со зборовите: „една година".

**Член 2**

Во членот 5 став (6) во алинејата 6 процентот „2%" се заменува со процентот „25%".

**Член 3**

Во Законот за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 178/14), во членот 1 зборовите: „до 1 мај 2015 година" се заменуваат со зборовите: „до 1 јануари 2016 година".

**Член 4**

Постапките за продажба и давање под закуп на деловен простор започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".